


Пријави можат да поднесат:

- здруженија, фондации и сојузи кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (2010 г. Сл. Весник 52/10);

**Институционалните грантови** се наменети да го поддржат институционалниот развој (ИР) и организационото јакнење (ОЈ) на индивидуални граѓански организации. Цивика мобилитас очекува институционалните грантисти да заземат лидерски позиции во граѓанското општество во земјава, да бидат проактивни, да преземат и да водат иницијативи за соработка и обединување на други граѓански организации.

Во предлозите за институционален грант, апликантите треба да демонстрираат способност за спроведување на најсоодветните ИР/ОЈ процеси за надминување на нивните институционални и организациски предизвици и подобрување на своите перформанси за придонес (преку нивните програми) кон целите и резултатите на Цивика мобилитас и други иницијативи за развој на граѓанското општество во земјава.

**Општа цел** – Општествените промени во Северна Македонија се водени од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, од кои произлегува потранспарентно, отчетно и социјално-инклузивно управување на национално и локално ниво;

**Резултат 1 – Овозможувачко опкружување (околина) за граѓанското општество:** Околината за развој на граѓанско општество е подобрена преку создавањето на механизми за подобра соработка меѓу властите и граѓанските организации и преку зголемено државно финансирање на граѓанското општество;

**Резултат 2** – **Граѓански ангажман:** Граѓанските организации создаваат силни конституенти и со тоа овозможуваат активен граѓански ангажман во граѓанските иницијативи, вклучително и волонтерството;

**Резултат 3 – Соработка:** Соработката помеѓу граѓанските организации е подобрена и води кон сојузи на граѓанското општество;

**Резултат 4 – Граѓанско учество:** Граѓанските организации активно учествуваат во процесите на креирање и донесување одлуки што води кон подобрени политики и практики.

Повикот се состои од Водич за апликантите и Образец за пријава со потребните прилози за пријавување:

- **Прилог 1.–** Финансиски план (буџет) ;
- **Прилог 2. -** Доказ за правен статус на апликантот (тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од шест месеци);

Институционалните грантовите во овој повик ќе бидат обезбедени за период до најмногу 3 години (36 месеци).

**Големината на побараниот грант треба да биде помеѓу 3.000.000 и 4.500.000 денари. Расположливиот вкупен износ за овој повик е 67.000.000 денари, со што се очекува да се доделат 15 грантови.**

Организациите може да поднесат само една пријава на овој повик.

**Краен рок за поднесување на пријавите е 3 јуни 2019 г. до 16 часот,** кога треба да бидат примени сите пријави, вклучително и оние доставени лично, по курирска служба или по пошта. Пријавите се доставуваат на адреса:

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

за Цивика мобилитас

ул. Никола Парапунов, бб.41а

Поштенски фах.55, 1060 Скопје

Цивика мобилитас **нема да ги прифати пријавите кои се поднесени по електронски пат** .

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

Заинтересираните може да ги испратат своите прашања по писмен пат на: helpdesk@civicamobilitas.mk најдоцна до 20 мај 2019 г. и треба во предметот на пораката да го содржат референтниот број за овој повик (ЦМ-ИНС-04).

Прашања може да бидат поставени и преку веб-страницата на Цивика мобилитас.

ИНФОРМАТИВНИ СЕСИИ

Цивика мобилитас ќе одржи информативна сесија за овој повик на **10 мај во Скопје**. За повеќе информации околу неа, како и за други информативни сесии следете ја веб-страницата на Цивика мобилитас, како и страницата на Фејсбук.